# Карпош ИН

**Јуни 2018** | Бр. 63 | Година 9

Велоопштина,
**АКТИВИРАЈ СЕ!**



Карпош соочен со
**УРБАНИСТИЧКИ ПРЕДИЗВИК**

Интервју:
Маја Бошковска
**НА ВРВОТ Е СЛОБОДАТА!**

# Карпош - **Манчестер** (САД)



Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев оствари средба со Џоис Крег, првата жена градоначалничка на градот Манчестер (сојузна држава Њу Хемпшир), во рамките на посетата на Соединетите Американски Држави, организирана од Амбасадата на САД во Република Македонија и Американскиот совет на млади политички лидери.

Се разговараше за остварување на поголема соработка меѓу локалните самоуправи во претстојниот период.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на локалната самоуправа

**Издава Опшина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Фотографија**
Амел Амед
Ива Зафировска
Игор Ѓуровски

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
STEFCHOU

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Содржина

5 — Воведник: **СТЕФАН БОГОЕВ** Градоначалник на општина Карпош

10 — **ПРОЕКТИ** Нова градинка во Бардовци

16 — 10-ка за **КАРПОШ**

17 — Колумна: Синоличка Трпкова **ВЛАЕ**, во едно друго време, **ОД МОИТЕ СПОМЕНИ**

22 — Нов **УРБАН СКВЕР** за Нерези и Тафталиџе 2

26 — **ЗНАКОТ НА СРЦЕТО** Драган Станковски

37 — Бизнис-катче: **Каша бар**

ISSN 1857-6753





# Стефан Богоев

Градоначалник на општина Карпош

## Почитувани граѓани, драги карпошани,

Во Вашите раце е новиот општински магазин “Карпош Ин”. Во изминатиот период, постојано говорев дека на Карпош му е потребна нова енергија, нов дух и елан за да оди напред, да се развива плански и да се споредува со современите општини од регионот и Европа.

Кога зборувам за нов лик и елан, мислам на промени од сите аспекти. Овој општински магазин  е резултат на плодна и креативна работа, во која се водевме од интересите и потребите на граѓаните. На 44 страници и 100 проценти рециклирана хартија, даваме на знаење дека за концептот за заштита на животната средина можеме да се залагаме на секој начин. Еден е и овој, којшто, освен материјално и едукативно, со современиот и минималистички дизајн овозможува лесна читливост на магазинот и ја истакнува добрата фотографија.

Овој магазин, кој ќе излегува еднаш месечно е уникатен од повеќе аспекти. Првенствено, даваме простор на другите да зборуваат за Карпош.

Да ги кажат своите идеи, сугестии или спомени од минатото, од периодот кога своето детство го минувале во некоја од локалните населби и биле сведоци на урбанизацијата на Општината.

Го отворивме магазинот и за организациите, асоцијациите кои споделуваат поинакви мислења или визија за Карпош. Целосно се вклучени основните училишта и лицата кои вршат воспитно–образовна дејност, со нивната креативност, идеи и потреби.

Месечникот обедини и повеќе интелектуалци, видни личности од Карпош кои даваат своја нота и автентичност на магазинот. Им благодарам за позитивниот пристап и одговорноста што ја покажаа кон граѓаните и кон локалната заедница.

Имате можност да прочитате и повеќе авторски текстови, лични стории, интервјуа и колумни. “Карпош Ин” е партнер со малите бизниси, затоа им даваме можност за промоција на своите производи и услуги.

Целта ни е да информираме, но и да СЛУШАМЕ. Да говориме за нашите проекти, но и да дадеме простор на креативните млади умови и искусните карпошани кои секогаш импонираат со својата мисла. Тие се нашиот патоказ во идните планови, во работата која допрва следи.

Искрено, се надевам дека секој карпошанИН ќе најде свој омилен сегмент, рубрика од магазинот. Секој од вас ќе се пронајде во сториите во кои доминираат голем број на лични моменти, емоции, егзактни податоци, страст, критика, револт...

Ја постигнавме целта, да добиеме 44 страници вистина, а не маскирана реалност.

Продолжуваме заедно, за еден поинаков Карпош.



**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

### Ќе ја добиеме ли битката со агресивната урбанизација?

# Карпош соочен со **УРБАНИСТИЧКИ** предизвик



Процесот на урбанизација во една современа градска средина, во поширока смисла на зборот, подразбира развој на човечките населби. Брзата еволуција на општеството, сама по себе, наметнува потреба за формирање на населени места со поголема концентрација на жители, која резултира со процес на „припитомување“ на просторот, кон потребите на луѓето. Ваквиот развој, пак, неизбежно ја наметнува потребата од ефикасно урбанистичко планирање, кое пред сé, претпоставува изградба на соодветна мрежа на комунална инфраструктура, водење грижа за животната околина и рационално уредување на градежното земјиште, како ограничен природен ресурс.

Во тој контекст, општина Карпош претставува составен дел од урбаното јадро на градот Скопје. Со својата географска поставеност, оваа локална самоуправа, која од една страна граничи со централното градско подрачје, а од друга страна е дисперзирана и кон одредени периферни делови на градот, има одлични предуслови да прерасне во една современа урбана заедница. Но, зафатена со рапидната градежна експанзија, пред неа стои предизвикот од соочување со ефектите кои произлегуваат од процесот на урбанизацијата.



Според Владимир Кироски, советник за урбанизам и просторно планирање во кабинетот на градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев, оваа скопска општина, особено во последните неколку години стана жртва на „таргетирана“ планска урбанизација.

*Велам планска урбанизација бидејќи, сепак, целиот процес се одвива преку законски предвидена постапка за планирање, со напомена дека во последните неколку години, законската регулатива во овој дел беше предмет на чести и значителни промени. Но, воедно го користам и терминот „таргетирана“, од причина што еднострано се земале предвид одредени факти и критериуми, додека пак, се занемарувале други, кои се интерес на поголемиот број карпошани. Следствено, потребно е воспоставување на „урбанистички баланс“ помеѓу интересите и потребите, кој подразбира долгорочна стратегија за одржлив урбан развој на општината. Таквата страегија секако подразбира планско градење, но со паралелно и континуирано почитување на животната средина и хуманото опкружување, а со соодветна застапеност на зелени површини, рекреативни содржини, како и доволен број достапни паркинг-места* – објаснува Кироски.

> **Целиот процес се одвива преку законски предвидена постапка за планирање, со напомена дека во последните неколку години, законската регулатива во овој дел беше предмет на чести и значителни промени.**

Веројатно македонските архитекти и урбанисти би се согласиле дека, пред повеќе години, Карпош беше една од урбанистички и архитектонски најдобро планираните општини во нашата држава. Особено, станбените објекти, кои сведочат за амбициозните стилски решенија на светските архитекти од шеесетите години на минатиот век. Во своите градби преку минималистичкиот израз, тие го всадија духот на модерната архитектура и светската солидарност која беше карактеристична за периодот во постземјотресно Скопје. Но, со експанзивната градежна иницијатива, Карпош, почна да го губи својот автентичен лик. Од сегашната состојба, може да се констатира дека проблем со пренаселеност имаат централните урбани јадра на општината, кои се протегаат на потегот помеѓу населбите Карпош 1 и Карпош 4, населбата Тафталиџе, како и делови од населбите Козле и Влае.

Гледајќи ја „поголемата слика“ во чиј фокус се наоѓа процесот на прекумерна урбанизација, Кироски посочува на една подлабока причинско - последична врска за оваа состојба, со која се соочува нашето модерно општество. Тој укажува дека во однос на правната легислатива, локалните самоуправи во Македонија, за жал, сѐ уште се приморани најголемиот дел од средствата во својот буџет, да ги обезбедат преку наплатување на комуналната градежна такса (комуналии). Се разбира, значителен дел од овие средства треба да бидат искористени за остварување на зацртаните приоритети на општините, кои опфаќаат одржување и реконструкција на постоечките објекти и инфраструктурата, како и реализација на нови проекти кои се во интерес на граѓаните. За споредба, локалните самоуправи во поголемиот број европски држави, својата буџетска каса во најголем дел ја полнат преку наплата на поголем процент од данокот на имот и од останатите даноци. Тоа значи дека нивните приходи не зависат од издавање на дозволи за градба, кои во принцип го поттикнуваат процесот на агресивна урбанизација.

Соочено со фактичката ситуација, новото раководство на општина Карпош предводено од градоначалникот Стефан Богоев, бара излез, подготвувајќи среднорочна и долгорочна стратегија, која подразбира планска урбанизација на локалната самоуправа, надвор од нејзините „централни урбани јадра“. Поентата е, колку што е можно порамномерно дисперзирање и развивање на општината на целата своја територија. За да ги релаксира пренаселените делови, главниот акцент на урбанизацијата ќе се насочи кон одредени периферни делови на Карпош, какви што се на пример, населбите Бардовци и Злокуќани. Според стручните лица, природното опкружување на овие делови од општината е погодно за изградба на еколошки и енергетско - ефикасни одржливи населби. Се разбира, тоа е генералниот урбанистички пристап, што не значи дека во другите делови на Општината целосно ќе запрат градежните активности. Во секој случај ќе треба внимателно да се земат предвид сите аспекти кои ќе ги задоволат

строгите критериуми на урбанистичкото и просторно планирање.

Конечно, се покажа дека урбанизацијата во себе освен економска, содржи и социокултуролошка димензија. Имено, самиот процес ги мотивираше карпошани да се организираат во неформални групи на граѓани за заштита на зеленилото, за стопирање на прекумерната урбанизација, за борба против загадувањето и слично. Тие отидоа и чекор понапред, со поднесување иницијативи до Уставниот суд, каде ќе се разгледува законитоста на одредени детални урбанистички планови, кои пред неколку години беа усвоени од тогашното владејачко мнозинство во Советот на општина Карпош.



Досегашната динамика на рапидната „бетонска“ урбанизација се закануваше дека ќе ги проголта зелените површини низ Карпош. Единствено граѓаните, со својата иницијативност и општинската администрација со својата општествено одговорна политика, можат да го воспостават балансот помеѓу процесот на урбанизација и идниот одржлив развој на општината.

**Игор Ѓуровски**



# **Урбанизација** на Карпош



## Адријана Јанакиевска Спирковска
Карпош 2

Според мене, до сега се гради плански, но, во иднина секако треба да се внимава со урбанизацијата. Моментално, секој реон си има своја градинка, трговски објект, училиште, што е од особена важност. Во одредени реони се гради поинтензивно, но мислам дека сепак, нема „пренатрупување“. Единствено, во мојата населба недостасуваат повеќе игралишта за деца од предучилишна и училишна возраст.



## Весна Велиновска
Карпош 2

Сметам дека во Карпош, особено во последниве неколку години, се гради неплански. Притоа, мислам дека треба да се заштитат зелените површини, кои ги узурпираат големите објекти, каков што е на пример станбениот комплек „Настел“ во населбата Тафталиџе . Пред сé, во нашата општина би сакала да се подобри хигиената, да се внимава со јавниот простор, кој се почесто го заземаат кафулињата и привремените објекти.



## Лилјана Ивановска
Карпош 4

Нашата општина не се развива рационално плански, од причина што се градат огромни згради до веќе постоечките ниски станбени објекти. Не би знаела како може да се санира сето тоа, но треба особено да се внимава при донесување на новите детални урбанистички планови. Засега во мојата населба има доволно зелени површини, но, се плашам дека со оваа динамика на градење, постои можност тие да исчезнат.



## Димче Митовски
жител на Карпош од 1965 година

Нашата општина е делумно плански урбанизирана. Има и убави делови во населбите, но, има и високи габаритни објекти. Во мојата населба конкретно, нема повеќе место да се гради. Но, ако се има смелост, мислам дека може да се стопира прекумерното градење. Од друга страна, пак, сметам дека состојбата со зеленилото е задоволителна и би истакнал дека уличното осветлување е во одлична состојба.



## Верка Најданова
Влае

Во моето населено место не би рекла дека се гради неплански. Но, на други локации низ општина Карпош секако дека се гради неплански. Се уриваат постоечките ниски куќи и бараки и на нивно место се градат високи згради. Состојбата со зелените површини е задоволителна, но, би апелирала да се реконструира инфраструктурата на одредени локации.



## Денис Арговски
Тафталиџе

Мислам дека нашата локална самоуправа се урбанизира плански. Сметам дека е добро што се гради, што се реновираат училиштата, се одржуваат парковите и плоштадите. Карпош засега функционира одлично, впрочем, како што треба да функционира една современа урбана средина. Во секој случај, не би го променил своето место на живеење, од причина што ми се допаѓа опкружувањето и начинот на кој се поставени.

РЕАЛИЗИРАНИ

## НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО МОМИН ПОТОК



Општина Карпош постави ново осветлување во индустриската зона Момин Поток. Поставени се нови 30 столбови, со 40 светилки од по 70 вати. На овој начин, локалната самоуправа им излезе во пресрет на стопанствениците од индустриската зона со цел поголема безбедност за фирмите и граѓаните на Карпош.



## ПЕТ ПРИСТАПНИ РАМПИ ВО ООУ “ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ – КАРПОШ”

Општина Карпош постави пет пристапни рампи во основното училиште “Христијан Тодоровски – Карпош”, и тоа, четири пристапни рампи на влезовите од образовната установа и една рампа во внатрешниот дел од училиштето.

Грижата за лицата со посебни потреби е една од основните обврски на општинските служби. Пристапни рампи се поставуваат и пред голем број на станбени згради, по пријава на граѓани, но и по иницијатива на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита.

## ТАМПОНИРАЊЕ НА УЛИЦА 2 И УЛИЦА К ВО БАРДОВЦИ



Во месната заедница Бардовци се тампонираат ул. “2” и ул.”К”, покрај железничката пруга, сé со цел да им се подобри пристапот на граѓаните до нивните станбени објекти.



## НОВА ГРАДИНКА ВО БАРДОВЦИ

Во фаза на реализација е значаен капитален објект – градинка, во месната заедница Бардовци, веднаш до општинското основно училиште “Аврам Писевски”. Станува збор за објект кој ќе биде достапен за граѓаните на Бардовци и Злокуќани, кои повеќе нема да имаат потреба да ги згрижуваат своите деца во градинките во другите населби.

Оваа градинка чини 24 милиони денари, од кои 7.200.000 денари се обезбедени од Светска Банка, додека останатиот дел од финансиската конструкција ќе ги покрие Општината од своите буџетски средства.

Изведувач на градинката е “Конструктор Рената и др”. ДОО-Скопје, а надзорот на проектот го врши “Урбан стил инженеринг” – Скопје.

## Поставена е **АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ** на ул. “Прашка” со ул. “Варшавска”.



## НОВ ОБЈЕКТ НА ГРАДИНКАТА “МАЈСКИ ЦВЕТ” ВО ТАФТАЛИЏЕ 2



Детската заштита е еден од основните приоритети на Општина Карпош. Во насока на подобрување на условите во градинките, Општината започна со реконструкција на дел од објектот на градинката “Мајски цвет” во Тафталиџе 2. Старата, монтажна градба се заменува со цврста градба, а притоа се зголемува и целиот капацитет на објектот.

Имено, се добиваат четири нови занимални и дополнителни 150 $m^2$ простор за престој на децата.

Изведувач на проектот е фирмата ДГПППУ “Инженеринг гроуп”, а вредноста е 10.614.271 денари.

Општина Карпош, во претстојниот период ќе започне со темелна реконструкција на градинката “Мајски цвет” во Тафталиџе 1, која со децении се наоѓа во лоша состојба.



| **На кеј:** #VeloSunset |

# КАРПОШ НА “ТОЧАК”

Општина Карпош започна со субвенционирање на купување на нови велосипеди, за сите карпошани. Целта е да се зголеми користењето на велосипедот како превозно средство и на директен начин да влијаеме врз намалување на загадувањето и на сообраќајниот хаос.

Со две одлуки на Советот на Општина Карпош, се распишаа јавни огласи, со кои, всушност, и практично започна постапката за субвенционирање на купување нови велосипеди за жителите на Карпош, во износ од **30%** од сумата за платен велосипед, но најмногу до **3.000 денари.**

Мерката се спроведува по принципот **“прв дојден, прв услужен”** и за истата според првиот оглас беа предвидени средства од 300.000 денари. **Првата етапа на субвенции** започна на **26 април**, а **втората**, од **28 мај**, за која Советот на Општина Карпош одвои нови 360.000 денари од својот буџет. Граѓаните на двата јавни огласи аплицираа со оригинал фискална сметка, фотокопии од лична карта и трансакциска сметка.

Градоначалникот Стефан Богоев при презентација на оваа мерка, која е дел и од неговата програма за работа, навремено најави дека поради голем интерес од страна на карпошани, субвенциите за купување на велосипед ќе продолжат и во претстојниот период, со намера што повеќе граѓани да одат до своето работно место или друга дестинација, токму со велосипед.

Исто така, локалната самоуправа ќе преземе и сет мерки за подобрување на велосипедската инфраструктура, поврзување на сервисните улици со велопатеки и нови паркинг-места за велосипедите.





## // Карпошанката **Маја Бошковска** ги освои и Андите

# На врвот е СЛОБОДАТА!

Освен да бидеш во добра физичка форма, успешното искачување многу повеќе зависи од психичката состојба, менталното и емотивното здравје.

**М**ладата карпошанка Маја Бошковска е долгогодишна професионална планинарка и љубителка на овој адреналински спорт. Неодамна, Маја, во низата планинарски подвизи, го додаде и искачувањето на Аконкагва (највисокиот врв на Андите во Јужна Америка, вклучително и највисок светски врв на јужната хемисфера). Маја има 31 година, живее во скопската населба Козле, и девет години е активен член на планинарскиот клуб „Кораб“.

**Што Ве мотивираше да го искачите врвот Аконкагва, подобрувањето на физичката кондиција и здравствениот аспект или сепак предизвикот да се направи ваков подвиг?**

- Едноставно Аконкагва беше новиот предизвик, новата авантура која требаше да го задоволи мојот адреналински апетит. Различниот поглед кон светот, начинот на кој ги ценам малите секојдневни нешта, после секоја една ваква експедиција, чувството на магичен восхит кое го имам кога сум таму, потрагата по импресивни глетки, кон хипнотизирачки просторни композиции, потребата од откривање на новите димензии, хоризонти, мириси, бои, звуци... се само дел од мотивацијата.

> Движејќи се по една, до „бесконечност“ долга патека, во еден ист бавен ритам, низ главата ми помина целиот мој живот во кратки црти проследен со микс на емоции.

Ме фасцинира мистеријата која во себе ја кријат планините. Тие ми се неисцрпен извор на инспирација, креативност и енергија.

**Од што се состоеше подготовката, колку време траеше самото искачување и колку планинари бевте во екпедицијата?**

- Ништо не се остварува преку ноќ. Подготовките за еден ваков подвиг, не траат непосредно пред истиот. Тие се долготраен процес-проект, на кој треба секојдневно напорно да се работи, со максимална посветеност. Неопходен е континуитет и искуство градено низ годините. Посветени тренинзи (трчање, планинарење, тренинзи со над 20 кг. тежок ранец) , балансирање со храна, редовен сон, откажување од многу ноќни дружби со пријателите... се само дел од подготовките. Сите подготовки за оваа експедиција ги заокружив со тринеделно секојдневно зимско тренирање и кампување на Шар Планина во многу посурови услови, од тие што ги имав на Аконкагва.

Но, освен тоа, да бидеш во добра физичка форма, успешното искачување многу повеќе зависи од психичката состојба (менталното и емотивното здравје). Треба да бидеш издржлив, за да ја совладаш физичката болка, а во исто време да останеш емотивно јак, за да го пребродиш времето далеку од твоите најблиски, да останеш смирен, да го

задржиш позитивниот дух и оптимизмот во тешките моменти, да истраеш и успешно да се справиш со сите предвидливи и непредвидливи предизвици и ситуации, не само во борбата со природата, туку и во меѓучовечките односи во тимот. Целата експедиција траеше 14 дена, а тимот го сочинуваа шест планинари, од четири балкански земји.



**На кои моменти најмногу ќе се сеќавате по искачувањето на Аконкагва?**

- Дефинитивно целиот „summit day“, ќе остане засекогаш врежан во моите сеќавања. Постојат денови, кога може да проживееме цел еден живот во само еден ден. Таков беше овој „summit day“. Движејќи се по една, до „бесконечност“ долга патека, во еден ист бавен ритам, низ главата ми помина целиот мој живот во кратки црти проследен со микс на емоции. И конечно, кога стигнав на врвот , тоа беше потврдата дека таа половина година што ја потрошив на експедицијата и се жртвував од се, вреди за наградата што ја добив од планината. Всушност, таа награда е 45-минутното уживање на надморска височина од 6.962 метри, во идеални временски услови. Потоа следуваше она чувство на слобода... слобода која ги победува сите стравови, ново поместување на границите на својот психички и физички лимит. Средба со самиот себе си и пронаоѓање на самиот себе си.



**Како долгогодишен член на планинарскиот клуб „Кораб“, дали сметате дека е неопходна поголема институционална поддршка на клубовите?**

- Искрено, се надевам дека доаѓа времето, кога почесто ќе читаме за успешно реализирани македонски високогорски експедиции, зад чиј успех ќе стои поголема поддршка од институциите и покровителите.



**За крај, што би им препорачале на сите љубители на планината и на планинарењето?**

- Планините ме научија на поголема одговорност, дисциплина, храброст, самодоверба, како да не се откажувам и да го дадам својот максимум, кога ми е најтешко, да наоѓам начини, да ги остварам своите животни цели, максимално да вложувам во себе, да сонувам и да не се откажувам од своите сништа, едноставно ме моделираа во подобра личност со позитивни животни вредности. Преку овој спорт, несомнено, ќе успеете да го ревитализирате умот, телото и духот, ќе имате доволно време, да се забавувате со сопствените мисли и полесно да ги најдете одговорите на сите оние прашања, на кои долу, во вообичаената турканица на секојдневниот живот, не можете. Па оттаму, не ми останува ништо друго, освен да им препорачам да продолжат со негување на љубовта кон природата и планината, станувајќи на тој начин пример кој инспирира.




**Благојче Атанасоски**

# **КРЕАТИВНОСТА** НА КАРПОШ НА **СЦЕНАТА НА МОБ**



Зад продорните погледи на наставниците, „крутите“ педагошки совети, строгите укори и умерените пофалби, зад секојдневната битка за знаење, ука и поука, понекогаш се крие една сосема поинаква приказна. Таа е вткаена во истите тие наставници, педагози, психолози, и само понекогаш „избива“ на површина. Овој пат, на големата сцена на Македонската опера и балет (МОБ), кога по втор пат се одржа големото училишно шоу „10-ка за Карпош – Наставниците на сцена”, со што, на оригинален начин, се заокружи учебната 2017/2018 година.

Во преполната сала, присутните родители, ученици, професори, гости, уживаа во музичките и драмските перформанси на талентираните ученици, родители и наставници од сите десет основни училишта во Карпош. На големата сцена исполнета со блескава кореографија, учесниците ја покажаа својата креативност и енергија која е плод не само на скриените таленти, туку и на континуираната работа низ изминатите месеци. На сцената доминираа точки од популарни мјузикли, евровизиски хитови, од актуелните македонски и странски



И не беше сé само игра и забава. Имаше и натпревар за најуспешните, највпечатливите, најавтентичните „актери“, токму на ова релаксирачко простување со училишната година. Притоа, првото место го освоија изведувачите од ООУ „Вера Циривири - Трена”, кои ја интерпретираа популарната песна Careless Whisper од Џорџ Мајкл, второто место беше доделено на ООУ „Владо Тасевски” кои играа на точка од култниот мјузикл „Брилијантин”, а третото место им припадна на ООУ „Димо Хаџи Димов” со перформанс од мјузиклот „Мама Миа”.

Градоначалникот Стефан Богоев упати искрени честитки до добитниците на наградите, а ги додели и пофалниците на првенците на генерација од десетте општински основни училишта.

Тој длабоко се поклони пред нив и им честита на успешиот спој меѓу учењето и дружењето, креативноста и работата.

- Општина Карпош е горда на сите Вас - рече Богоев.

Проектот “10-ка за Карпош” кој е поддржан од Советот на Општина Карпош, се одвиваше во неколку фази: избор на најуспешен проект, на најдобра сторија, на најубаво уреден училишен двор и „крунското финале“: Наставниците на сцена.

**Димитар Караташев**

Синоличка Трпкова

# ВЛАЕ, во едно друго време ОД МОИТЕ СПОМЕНИ



**Во Влае се преселивме во 1970 година од нашата стара куќа блиску до Универзалната сала. Бев малечка и ми се чинеше дека сме се преселиле на крајот од светот. Отаде Вардар! Тогаш улиците десно и лево од Партизанска беа сѐ уште калливи. Вардар беше чист и на лето се капевме во него. Во многу дворови освен цвеќиња имаше насадени заленчуци и овошки. Влае беше оаза на природата.**

Се сеќавам дека имаше и многу деца. Сите заедно си игравме и раснevме на улица. Немаше тогаш игралишта, а имаше само дворови со насмеани соседи, кајшто по цел ден си игравме или се криевме кога игравме жмурки, но и крадевме по некоја цреша, кајсија или домат, онака попат. Игралиштата изградени од самопридонесот стасаа подоцна, кон крајот на седумдесеттите и секогаш вриеја од деца. Мајките и бабите едвај нѐ прибираа дома во предвечерјата, додека на замислените граници на неомеѓените дворови, една со друга си прикажуваа. Дворовите често немаа огради, дрвореди или цвеќе и лесно се минуваше од една во друга куќа. Овие слики сега ми личат како од некој идиличен филм во кој ништо лошо не се случува.

Имаше деца преселени од градот и деца што растеа во Влае, но, сите бевме едно исто и си игравме заедно. Влае е всушност името на селото што се простираше од улицата "Франце Прешерн" (нашата улица) па се до Вардар. Населбата беше изградена по земјотресот, со помош од Словенија. Порано тука имало ниви, а втората половина на 60-тите и почетокот на 70-тите, местото почнало да се урбанизира и да личи се повеќе градски. Староседелците-селаните беа гостољубиви и пријателски настроени, иако новодојденците го „освојуваа" нивниот дотогашен простор. Немаше воопшто високи згради. Имаше само бараки и куќи, не повисоки од еден кат.

Лесно се стекнуваа и другари и пријатели. Сите одевме во „нашето училиште" тогаш „Јосип Броз Тито", (денес „Димо Хаџи Димов") и секојдневно ја минувавме Партизанска, којашто, за жал, дури и во тоа време беше небезбедна. Нѐ носеа мајките и бабите, а се враќавме со комшиските мајки и баби, се дури не пораснавме и не ги научивме секојдневните опасности што нѐ демнат од автомобилите.

> **На патот до училиште задолжително застанувавме во киоскот „Вишна" да си купиме сокчиња, бонбони и слатки, а на зима пиевме салеп. Немаше дете што не ја знаеше тетка Тања од „Вишна". Спроти неа беше киното „Влае", каде одевме во групи да гледаме филмови.**

Знаевме понекогаш да набасаме на филмови што беа забранети за деца, па родителите и постарите браќа и сестри нѐ извлекуваа скришум, еден по еден од киносалата. Најмногу ја паметам есента, кога со домашен месен леб, намачкан топол ајвар и сирење трчавме низ улиците. Кога ќе не стемнеше, заспивавме на маса со недопишаните домашни, чекајќи го крајот на неделата за да ги продолжиме игрите на коишто немаше крај.

Таа населба, од тоа време, постои сега само во моите спомени. Денес таа многу малку личи на онаа што ја гледам секојдневно. И секако дека не треба да личи, зашто минал скоро половина век оттогаш. И денес има деца што раснат во неа и нивното детство ќе биде заклучено во спомени поинакви од моите, можеби уште поубави и поносталгични. Урбанизацијата е неизбежен процес, што оди заедно со технолошкиот развој. Но, таа никогаш не смее да стане поважна од луѓето, од нивните потреби и од нивното здравје. Многумина можеби ќе се препознаат во моите спомени и ќе се сложат дека оваа населба ќе мора да ја одржи рамнотежата меѓу новите градби што израснаа секаде околу нас и природата. Во светот постојат многу градови каде се прават стратегии за сочувување на природата, чистотата и питомоста во ваквите места. Познати се примери каде среде град, покрај цвеќињата, се шири мирис на цвет од липа, цреша, кајсија, босилок или нане. А ако ѕирнете подлабоко во зеленилото можеби ќе ве изненади и по некој црвен "чери" или "чили". Доволно - за да се потсетиме кои сме, од каде сме, како сме живееле до сега и како ќе опстанеме во иднина. Зашто, наша должност е да создадеме и оставиме зад нас еден простор, што и по половина век ќе биде носталгичен за оние деца што раснат денес во него.

# ВЕСТИ




**„Подај рака, донирај за твојот сосед"** е хуманитарната акција која се спроведе пред поголемите маркети во Карпош и граѓаните донираа различни продукти кои беа доделени на социјално ранливите категории на граѓани.



Во сите основни училишта, заврши ја **прегледите за рано детектирање и превенција на појавата на слаб вид кај учениците од прво до трето одделение.** Овој проект се спроведуваше во соработка со Lions District 132 Club Македонија.



Градоначалникот Богоев се сретна со амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, Вилем Воутер Пломп со кој разговараше за актуелните случувања во Карпош и **потребата од планска урбанизација на просторот.**



Општина Карпош во соработка со Македонскиот олимписки комитет (МОК) **донираше спортска опрема за ООУ "Аврам Писевски"**, во пресрет на Меѓународниот ден на спортот.

Презентиран е **Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за материјално - финансиското работење на Општина Карпош.** Овој Извештај беше доставен до Основното јавно обвинителство на Република Македонија и до Управата за финансиска полиција, со цел да се постапи по констатираните законски повреди.

Ученици од четврто одделение од општинските основни училишта: "Димо Хаџи Димов", "Вера Циривири – Трена" и "Аврам Писевски" беа во **посета на Општина Карпош, во рамките на наставната програма по предметот општество.**

На територија на Карпош се врши **реконструкција на поголемиот број на детски игралишта,** со цел поголема безбедност на најмладите.

# ОД ОПШТИНАТА

Општина Карпош, во учебната 2018/2019 година ќе ангажира **лични асистенти за учениците со посебни потреби** за сите десет општински основни училишта. Станува збор за лични и образовни асистенти кои ќе овозможат полесно следење на наставата и совладување на училишните обврски од страна на учениците со посебни потреби.




Општина Карпош започна со првичните активности околу проектот креирање на картичка за попусти и бенефиции **“Моја картичка – Мој Карпош”**. Овој проект, кој е дел од програмата на градоначалникот, Стефан Богоев, го спроведува Секторот за развој при Општината. За таа цел веќе се формираа тимови од општинската администрација на Карпош кои излегуваат на терен, со цел да се информираат за интересот на угостителските објекти, локални кафулиња, ресторани, продавници, книжарници и други субјекти и правни лица, да се приклучат кон проектот. Примарната цел е граѓаните на Карпош да добиваат повеќе попусти и бенефиции во локалните угостителски објекти, а истовремено, да се зголеми интересот за производите и услугите на малите и средни бизниси. Во првичната фаза на проектот, се приклучија **214 локални бизниси** од најразлични области: угостителство, здравствена заштита, култура, спорт, ИТ и др.
Заинтересираните бизниси својот интерес може да го изразат и по електронски пат, со испраќање на порака на e-mail адреса:
**kontakt@karpos.gov.mk**, со што ќе им биде доставен анкетниот прашалник за пополнување.



Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со претседателот на Советот, Андреј Манолев и дел од советниците, им се придружија на своите сограѓани во населеното место Бардовци во **чествувањето на празникот „Света Троица“ и 100 години постоење на истоимениот црковен храм** во ова населено место во Карпош.



Со цел, да се зголеми јавниот ред и мир, како и да се превенираат имотни и други деликти, претставници од ПС Карпош и од СВР Скопје, заедно со локалната самоуправа и граѓаните од урбаните заедници **во Карпош организираат т.н. „полициско-граѓански“ патроли.** На ваквите координирани активности и средби, првично следат едукативно-консултативни состаноци за превенција од имотни деликти, забелешки од граѓаните за „ризичните места“: неосветлени катчиња, необезбедени игралишта, места каде што се организираат мототрки и сл.

Едногласно, на 10. седница на Советот на Општина Карпош, советниците ја одобрија одлуката за добивање на финансиски средства за **замена на стари куќни водомери со нови ултразвучни и интеграција на истите во системот на далечинско отчитување на системот на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“.** Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, нагласи дека ова е грант од ЕБОР преку Министерството за транспорт и врски кој ќе изнесува околу 200.000 евра. Со овој проект би се опфатиле 500 куќни домаќинства.



Во организација на Општина Карпош, а во соработка со Општинската организација на Црвен крст Карпош и Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија се одржа традиционална **хуманитарна крводарителска акција**. **Вкупно 61 лице се вклучи во акцијата на Општина Карпош** која се одвиваше на два пункта: во просториите на урбаната заедница „Влае 1“ и во училишната сала на ООУ „Лазо Трповски“.



**Детското игралиште во Карпош 3 доби целосно нови реквизити** (лизгалки за деца и лулашки), како и урбана опрема (клупи, ограда), со цел побезбеден престој на децата во овие зони за игра и рекреација.



Во близина на ТЦ “Скопје Сити Мол”, Општина Карпош во соработка со Здружението на граѓани “Центар за климатски промени - Гевгелија” и СВР Скопје одржа **акција за поголема безбедност во сообраќајот**, во рамките на проектот “Заеднички за подобра животна средина во Општина Карпош”, поддржан од Европската унија.

## Што значи новиот Клинички центар за Карпош?

# ЗДРАВЈЕ
# ПО ЕВРОПСКИ ТЕРК

**СКОПЈЕ ЌЕ ДОБИЕ СОВРЕМЕН МЕДИЦИНСКИ ГРАД, ХАРМОНИЧНА ЗДРАВСТВЕНА ЗОНА, ДОДЕКА ВО ОПШТИНА КАРПОШ КОНЕЧНО ЗАПОЧНУВА ДИСПЕРЗИРАЊЕ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА ВО ПЕРИФЕРНИТЕ ДЕЛОВИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.**

Изборот на локацијата за градењето на новиот Клинички центар во Скопје, на локација меѓу Бардовци и Злокуќани, во Општина Карпош отвори многу прашања и дилеми.

Сепак, повеќе страни, државните институции, како и стручната јавност (Асоцијацијата на архитекти) се согласни дека дислоцирањето на Клинички центар од постоечката локација е правилна одлука.

Целта на новиот проект е да се создаде вистински медицински град, составен од комплекс на клиники, Медицински факултет и студентски кампус. Нова, хармонична здравствена зона во која метежот и хаосот нема да бидат секојдневие, туку сеќавање на еден лош период од нашиот здравствен систем.

Кога би поминале повеќе време, одејќи низ Општина Карпош, можеме да заклучиме дека тука се стационирани голем број на поликлиники, ординации, државни и приватни болници.

Новата локација на Клиничкиот центар, меѓу Бардовци и Злокуќани конечно ќе го ослободи градското јадро, но, најавува и едно ново поглавје за периферните делови на Општина Карпош.

Секако, одлуката за градење на Клинички центар на оваа локација е согласно Генералниот урбанистички план од 2012 година, каде што ова место е со намена здравство. Оваа одлука е интересна за карпошани од повеќе аспекти.

Најпрвин, се зголемува атрактивноста за домашните и странските инвеститори на потегот околу Бардовци и Злокуќани, кои, иако делуваат отсечено од Карпош, сепак се наш составен дел и имаат солидна поврзаност со централното градско подрачје. Освен тоа, заложбата на новото раководство на Општината, за дисперзирање на градбите и урбанизација на периферните делови на Карпош, веќе добива смисла, со што би се овозможило ослободување на урбаното јадро во Карпош од бетонот и урбанистичкиот хаос.

Продолжувањето на ул. “Словенечка”, како и на ул. “Љубљанска” со другата страна на реката Вардар, на директен начин ќе значи намалување на сообраќајниот метеж околу ТЦ “Скопје Сити Мол”, кој претставува „грутка во грлото“ за сите граѓани.

Станува збор за сериозен, капитален проект кој би започнал со изведба за две години од денес. Во меѓувреме, се работи на подготовка на теренот и решавање на имотно–правните прашања.

Едно е сигурно, сите граѓани ќе добијат можност за квалитетна и брза здравствена заштита, без мрачни ходници, лебарки и пукнати ѕидови кои



## Нема да се загрози локалитетот Скупи

# СКУПИ Е БЕЗБЕДЕН!

Во јавноста се појавија и шпекулации дека локацијата на новиот Клинички центар ќе направи штета за археолошкиот локалитет Скупи. Сепак, токму за овој потег и Генералниот урбанистички план е дециден дека таму исклучиво има намена - здравство. Оттаму, треба да се знае дека локацијата на идниот Клинички центар не навлегува во утврдените граници на Скупи и не претставува опасност за археолошкиот локалитет. Ова го тврди и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

*- Не би рекол дека ќе се уништи некој дел од археолошкиот локалитет Скупи, бидејќи и во Генералниот урбанистички план кој е донесен во 2012 година е предвидена намена Д2-заштитна зона, која е токму во тој дел каде се ископините што се откриени и потенцијално оние кои се наоѓаат под земја, а сè уште не се ископани. Сомневањето е зашто станува збор за дел од земјиште во Бардовци и Злокуќани кое што е надвор од таа Д-зона. Претпоставувам дека и кога се правел планот било предвидено токму оваа зона да биде зона за здравство, а не таа каде што се ископините. Од тој аспект верувам дека е безбедно* - вели градоначалникот Богоев.

# НОВ **УРБАН СКВЕР** ЗА **НЕРЕЗИ** И **ТАФТАЛИЏЕ 2**

На отворена средба со граѓаните од урбаните заедници “Нерези” и “Тафталиџе 2”, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев го презентираше проектот за нов урбан сквер и детски парк на овој потег.



Постоечкото зеленило ќе остане и дополнително ќе се облагороди, а исто така ќе бидат посадени и нови дрвја. Скверот ќе биде опремен со клупи, корпи за отпадоци, штедливи ЛЕД-светилки, пристапни патеки, лулашки и реквизити за деца.

Во насока на враќање на маалскиот живот во Карпош, Општината предвидува изведба на вакви скверови и во други урбани заедници. Содржините овозможуваат безбеден престој за децата, но и за сите други граѓани кои ќе сакаат да го поминат своето слободно време тука.





Исто така, ќе биде обезбеден и постојан надзор врз игралиштето, со цел да се спречи уништување на урбаната опрема, но и да се зголеми безбедноста на посетителите.

Лулашките и реквизитите кои ќе бидат дел од детското игралиште ќе бидат изработени од еколошки материјали, приспособени за користење од страна на најмладите карпошани.



# ПРОЛЕТНА АКЦИЈА за чистење



Во девет урбани заедници на Општина Карпош се спроведе акција за темелно чистење на локалната самоуправа. Освен комуналните служби на Општината, во оваа акција учествуваа и вработените во општинската администрација.

Акцијата се спроведува по иницијатива на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и истата се одвиваше и во останатите скопски општини. Еколошката акција за собирање на ѓубре, отпадоци, смет и хартии се реализираше во урбаните заедници: „Владо Тасевски“, „Кузман Јосифовски - Питу“, „Пецо Божиновски - Кочо“, „Карпош 1”, ”Карпош 2”, “Карпош 3” и “Карпош 4“, како и во УЗ „Тафталиџе 1“ и “Тафталиџе 2”. Освен чистењето и собирањето на ѓубрето и сметот, целта на оваа акција е и да се подигне свеста кај граѓаните за заштита на животната средина.



# ЦВЕТНО РАЗУБАВУВАЊЕ

Општина Карпош во текот на пролетта работеше на разеленување на Општината и облагородување на зелените површини. Засадени се нови цвеќиња и украсни грмушки на повеќе локации во Карпош: платото во Карпош 3, платото во урбаната заедница „Пецо Божиновски-Кочо“ (спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“), плоштадот „Делфина” во Влае, платото во Бардовци, како и на кружниот тек помеѓу ул. „Варшавска” и ул.„Париска”.

# СОБИРАЊЕ НА Е – ОТПАД во Бардовци



Општина Карпош во соработка со колективниот постапувач “ЕЛКОЛЕКТ” и Волонтерски центар Скопје, спроведоа успешна акција за собирање на електричен и електронски отпад во населено место Бардовци. За оваа акција Општина Карпош обезбеди десет лица вработени во Општината кои помогнаа истата да се спроведе успешно .

Во акцијата беа собрани 1.506,50 кг. електричен и електронски отпад, за којшто “ЕЛКОЛЕКТ” ќе обезбеди да завршат на рециклирање, а не во животната средина. За сите граѓани кои го предадоа својот отпад, колективниот постапувач обезбеди цветни садници за разубавување на нивните дворови.

Општина Карпош продолжува со спроведување на акции за чиста и здрава животна средина на своите граѓани.

## Засадени **155 ДРВЈА**



Се реализираше најавената зелената офанзива во Карпош. Општината засади 113 дрвја во повеќе населби во Карпош: Владо Тасевски (Млечен), Карпош 1, Карпош 2 и Тафталиџе 1. Во соработка со Град Скопје и ЈП "Паркови и зеленило" се засадија и 42 дрвја долж булеварот "8 Септември", со што во изминатиот период на територија на Карпош се засадени вкупно 155 нови дрвја.

Општината е фокусирана за облагородување на меѓублоковското зеленило додека градските власти се концентрираа на раззеленување на просторот долж булеварите и главните улици низ Карпош.



## **ЗЕЛЕНИ ЗОНИ** во училишните дворови

Една од приоритетните цели на локалната самоуправа е и разубавувањето на дворовите на општинските основни училишта во Карпош, кои би прераснале во уредени зелени зони, градини или спортско – рекреативни центри. Голем дел од просторот во училишните дворови е неискористен, а во училиштето "Јан Амос Коменски" веќе се засадија 50 нови дрвја на патрониот ден на училиштето. Секое од одделенијата ќе бидат задолжени за своето дрвце, со што на директен начин се влијае во јакнење на свеста кај најмладите кои со оваа акција, претставуваат позитивен пример за сите нас.

## Ново **ЗЕЛЕНИЛО** спроти СД ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



Во соработка со Град Скопје се засадија нови дрвја во паркот спроти студентскиот дом "Гоце Делчев". Во насока на целосно раззеленување на Општината, претстои засадување на нови садници на повеќе локации низ Општината, како и облагодорување на многу запуштени површини.



## Повеќе работници задолжени за **ЈАВНАТА ХИГИЕНА**

Општина Карпош воспоставува нов систем за одржување на јавната хигиена во сите урбани заедници. Имајќи предвид дека отпадот и чистотата се меѓу најгорливите проблеми, Општината ангажираше 12 нови хигиеничари, рамномерно поделени во дел од урбаните заедници, со цел систематски и темелно да се пристапи кон решавање на овој проблем.



# Знакот на срцето

## Драган Станковски

**Некаде во педантната уличишна архива на ООУ „Владо Тасевски“ ќе остане запишано: Успешна спроведена педагошка инклузија. А за нас, и за сите оние што ќе ја прочитаат животната приказна на малиот – голем Драган ќе биде врежана како „Знакот на срцето“. Во училишното досие „Драган Станковски“ има напишано многу нешта, но, најмногу во него ги има знаците и срцата исполнети со љубов.**

**Д**раган е ученик во четврто одделение во едно од поголемите училишта во Општина Карпош, „Владо Тасевски“, го „отвора“ случајот Весна Филиповска, училишниот дефектолог, со треперлив глас полн со возбуда и блага егзалтација. Насмевката и гордоста не може да ги сокрие, а и има зошто. Таа говори за нејзиниот омилен ученик кој успешно го води низ „училишните бранови“ од самиот почеток на школување, од прво одделение. Да, тој не е обичен ученик. Тој е глувонемо дете кој комуницира, учи и расте исклучиво со „знаковниот јазик“. Драган е генетски глувонем три генерации наназад, родителите, баба му и дедо му. Но, сепак, над генетиката е љубовта и ентузијазмот. Нив, во светот на Драган ги донесе Весна, кога како многу млад дефектолог го прифаќа Драган со желба, нејзина, а и на татко му, наместо во специјално училиште, да го внесе во редовното образование. Сепак, приказната за влезот на Драган во школските клупи не почна толку „розово“. Тој дојде како луто, некако - диво дете, неразбран од другите деца, а и тие од него, се потсетува неговиот водич низ предизвиците, дефектологот Весна. Тој сакаше нешто да им каже, па ќе ги повлече за ракав, ќе ги поттурне, а тие тоа го разбираа како непријателство, лутина, агресија. Повторно неразбран, не знаеше што и како треба нешто да направи и сето тоа се вртеше во затворен круг на безизлез. Се додека ентузијазмот и упорноста на дефектологот не рече: „Не може вака, одиме поинаку“. И се оттогаш стана една голема театарска но и животна претстава.

Прво одржавме претстава во училиштето за да види Драган што и како се прави во текот на учебниот ден, како учат и како треба да се однесуваат децата и тој ја одгледа со внимание, но ефектот беше краток и повторно по старо. Лутина, неразбран од другарчињата, од наставниците... Тогаш на дефектологот Весна и паѓа можеби најкреативната и клучна идеја: Сите ќе одиме на курс за знаковен јазик. Двете наставнички кои го учеа Драган од прво до четврто одделение Викторија и Весна, јас како дефектолог, која сепак недоволно го знаев знаковниот јазик и се разбира – децата од цело одделение на Драган.

За тоа, разбирливо, претходно побаравме согласност од нивните родители, вели Филиповска, и зачудувачки наидовме на сесрдна поддршка, прифаќање, па и воодушевување. Требаше да почнеме од септември, малку задоцнивме, а во меѓувреме дури ме среќаваа родителите на другарчињата на Драган и ме прашуваа: Ајде од кога ќе почнете? Со другарчињата од класот не беше тешко. Ним им објаснивме дека сега ќе учиме нов јазик: како што учите англиски, германски, сега ќе учиме нов јазик, кој овој пат се говори со раце.

Немаше дилема-прифатија веднаш. Тоа всушност беше пресвртот кон светлата и среќната страна на приказната на Драган. Со помош на постручен познавач на знаковниот јазик учеа сите. Се разбира, со време и Драган им помагаше во учењето на „неговиот јазик". Па нели онака другарски се помага во секоја ситуација.





А Драган? Драган беше пресреќен. Се поведар, понасмеан, посреќен. Од прво, кога виде дека неговиот дефектолог Весна сака да разговара со него со раце, тој некако се срамеше. Комуницираше и тогаш, но со рацете скриени под клупа, да не го видат другите, но рацете некако сами, постепено од ден на ден, сами се качуваа се погоре и погоре, додека отворено не почна да разговара со наставничките и другарчињата.

Сега сите деца од одделението на Драган го знаат знаковниот јазик и без проблем комуницираат со него, вели Весна. Дури забележав дека тие си измислија и свои знаци, нешто што го нема во „официјалниот знаковен јазик". Ако нешто не им оди во учењето Драган ќе стане, ќе им ги намести точно рацете... знаете тој наеднаш стана „главен", вели Весна.

Сега веќе успесите се редеа сами по себе. Драган е многу интелигентен, одличен ученик и ниту една петка не му е подарена, тврди Весна. Тој е вреден, многу се труди и учи и се сам си заслужува. Проблем беше музиката, а Драган сака да игра. Тој не ја слуша музиката, но со рацете над звучниците ги чувствува вибрациите и веќе го „фати ритамот".

Но, Драган сака да игра и фудбал, како и многу други деца од неговото училиште. Тогаш успешната приказна почна да се шири. Почнаа и тие дечиња да бараат и да сакаат да го научат знаковниот јазик и го научија. Секој ден, секој нов научен знак е награда во животот на доброто другарство кое вирее во ООУ „Владо Тасевски". Гласот за нивниот успех стигна далеку. Децата одржуваат претстави пред родителите со јазикот на истиот, но различен нивен другар.



За ова слушнаа и на Филозофски факултет кои ги поканија овие ентузијасти да бидат гости во декември, на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Драган доби и личен придружник на часовите, сопствен дефектолог Христина Божиновска, која исто така е глувонема, но која му помага во совладување на потешките чекори во учењето.

Но, приказната за успехот на Драган кој е сега самостојно и успешно дете, и целиот училишен тим на наставнички, педагози, дефектолози, психолози продолжува по „трнливиот" пат. Доаѓаат, физика, хемија... оние потешките предмети во повисоките класови. Весна, Драган и целиот тим на ова наше училиште се подготвени за новите битки и предизвици. Тие се храбри, тие се пример... тие се всушност светлата страна на животот.

Ах, да и тоа: Знаете всушност кој е Драган? Оној голем фан на фудбалот кој минатата година на финалето во Суперкупот меѓу Реал Мадрид и Манчестер Јунајтед на стадионот „Филип Втори", заедно со своите глувонеми другарчиња на знаковен јазик ја "отпеа" химната на Македонија... онака како што ја чувствува: со своите раце, со радост и од срце! Се сликаше и со големиот Роналдо! Всушност кој е поголем? Или поточно, дали Драган не е Роналдо во светот на различните?

**Виолета Цветковска**

# #НаТочак: ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДОБРО ВЕЛО СКОПЈЕ

## Социјални акции за подобра велоинфраструктура



Група волонтери поставуваат нови стандарди во социјалното живеење и креирање на побезбедни места за живеење

Уникатна социјална акција ги "раздрмда" жителите на Општина Карпош и отвори теми за кои е потребна поголема ангажираност од Општината и од Градот Скопје. Со жив штит или тн. „човечки столпчиња", триесетина „славеници" го прославија Националниот ден на немање безбедна патека при градба преку организирана акција за посочување на еден од посериозните инфраструктурни проблеми во општеството. Во недостиг на професионално уредување на просторот за движење, неформалната група „#НаТочак" покажа на кој начин треба да се постави и обезбеди алтернативен премин за велосипедисти и пешаци, во случај кога патеката наменета за нив е блокирана поради градежни зафати или други причини.

Во шпицот на сообраќајниот метеж, во 17:00 часот на крстосницата на бул. Партизански одреди со бул. 8 Септември, веќе подолго време се изведуваат градежни работи и е отворена длабока дупка, велосипедската патека беше блокирана од страна на изведувачите. Поставивме импровизиран дрвен слеан рабник на тротоарот, што стана безбеден премин за велосипедистите во дел од крајната коловозна лента кој го заштитивме со нашите тела испраќајќи порака до надлежните дека негативната практика на блокирање на патеките без да се понуди алтернатива за преминување на ваквите критични места претставува дополнителен ризик во движењето на сите кои ги користат - пешаци, велосипедисти, инвалидизирани лица, родители со колички



за бебиња итн. Спротивно на светските практики во градовите со развиена велосипедска инфраструктура, на овој потег надлежните и покрај пријавите, подолго време немаа направено услови за пренасочување на пешачкиот и велосипедски сообраќај, принудувајќи ги овие категории на учесници да мораат да се симнат на коловозот на крајно небезбеден начин. Како реакција на најавите за акцијата преку социјалните мрежи и објавите во повеќе медиуми, еден ден претходно, неколку часови пред одржување на акцијата, на местото на настанот беше поставен сообраќаен знак кој ги предупредува и пренасочува велосипедистите кон пешачката патека, како минимално решение кое е далеку од идеално и многу задоцнето.

Акцијата ја продоцнивме неколку метри подолу, односно, во близина на крстосницата на бул. "Илинден" со бул. 8 Септември каде има ист случај на раскопување на патеката без притоа да се постави знак дека патеката е оштетена и да се пренасочат пешаците и велосипедистите на тој потег. На истиот начин, заеднички го обезбедувавме импровизираниот премин до 18:00 часот, на тој начин создавајќи не само безбедно решение за велосипедистите, туку и за автомобилите кои имаа видливо предупредување пред свртувањето. Со тоа беше избегната можноста да дојде до неочекувано пресретнување со велосипедист во коловозната лента во која се движеа.

Целта на акцијата беше да се подигне свеста за ваквата долгогодишна негативна практика и да запре игнорирањето на безбедносните практики и препораки при

„#НаТочак" се надева дека надлежните ќе ја сфатат сериозно потребата да овозможат непрекинато одвивање на пешачкиот и велосипедскиот сообраќај, наместо да го парализираат на одредени потези, секојпат кога треба да се интервенира со градежни зафати. „#На Точак" и понатаму ќе реагира на ваквите лоши примери и ќе инсистира на овозможување на максимална безбедност на сите учесници во сообраќајот. Без соодветна заштита велосипедските ленти нема да се користат. Се разбира луѓето не можат да ја заменат инфраструктурата и не можат да глумат заштита секој ден, но, во знак на протест, можат да покажат што нужно треба да се направи.

Проблемот со возачи кои гледаат на пешачките и велосипедските патеки како паркинг не е исклучително скопски. Исто така и градежните зафати се нормална појава насекаде, не очекуваме да ги нема, тоа би било нереално.



Би сакале Општина Карпош, во координација со град Скопје и другите општини да изнајдат долгорочно решение кое ќе налага обезбедување алтернативен безбеден премин при градба. Но, она што го очекуваме и тоа со огромно право е: велосипедските патеки да бидат заштитени од паркирање (со соодветни заштитни столпчиња или друга инфраструктура) и да биде обезбедена алтернативна патека за време на градба (со монтажни прегради), исто така заштитена од останатиот сообраќај. Може подобро, треба само волја и малку знаење.

„На Точак" ги повикува граѓаните да им се придружат во нашата следна социјална акција, да ги пријавуваат проблемите и активно да се вложат во барање решенија, затоа што само така ќе направиме побезбедна и подобра велоинфраструктура. Sph!

**Ваши,**
**#НаТочак**



**Филип Нелковски**

# КАРПОШАНКАТА **СИМОНА ЗАБОРСКА** БАЛКАНСКА **ШАМПИОНКА** ВО КАРАТЕ

Македонската репрезентативка во карате - карпошанката Симона Заборска го освои златниот медал на Балканско првенство кое се одржа во март , во Истанбул, Турција.



**Н**ашата натпреварувачка се искачи на пиедесталот во категорија до 55 кг, совладувајќи ја својата конкурентка од Црна Гора, Ана Драшковиќ со вкупен резултат од 5:1.



Нејзиниот тренер, а воедно и татко Бошко Заборски, кој е тренер на карате клубот Макпетрол, истакна дека во ниту еден момент Симона не покажала слабост во финалниот дуел, односно со голема самодоверба, психолошка зрелост и решеност го освоила првото место и се закитила со титулата - балканска шампионка во карате.

*- Ова финале за Симона беше трето по ред, со таа разлика што овој пат конечно победи и стана балкански првак. Во минатите финални дуели, Симона беше поразувана, и остануваше со сребрениот медал во раце, како балканска вицешампионка, но еве од трет обид, среќата и се насмевна, што би се рекло со спортски речник, и се искачи на балканскиот спортски Олимп,* истакна Заборски.

Тренерот Заборски, исто така потенцираше дека овој златен медал, доаѓа во вистинско време, бидејќи за помалку од еден месец стартува европското првенство во Нови Сад, Србија, и овој успех значително ќе ја подигне самодовербата на нашата каратистка, пред претстојните спортски предизвици.



На ова балканско првенство и Наташа Стефановска, другата наша репрезентативка се закити со бронзен медал, која најпрво во полуфиналната борба со бугарската спортистка на крајот загуби поен, и финалето кое и беше на дофат, стана неостварено. Сепак, Стефановска, во битката за бронзен медал, успеа да ја победи повеќекратната европска медалистка Јелена Максимовиќ од Црна Гора.

# Гласот на **МЛАДИТЕ КАРПОШАНИ**




Започнува процесот за ресетирање на Локалниот младински совет на Карпош. На последната седница на Советот на Општина Карпош се донесе Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општината, со цел да се вметнат нови услови и критериуми за поголема функционалност на ова претставничко тело. Всушност, во фаза на подготовка е нов Прирачник за работа на локалните младински совети низ цела Македонија. Процесот го водат ОБСЕ, Агенцијата за млади и спорт и младинските организации.

Примарната цел е овој младински совет да ги обедини политичките подмладоци, младински организации и неформални здруженија на територија на Карпош. Локалниот младински совет на Карпош ќе биде сеопфатно и креативно младинско тело, кое ќе иницира проекти за млади, ќе разработи стратегија за детектирање на младинските проблеми на локално ниво, ќе ги штити интересите на младите луѓе и ќе биде вистинска поддршка на Советот на Општина Карпош, во делот на младинските политики и младинскиот активизам.

# Завршена е **ФИТНЕС - ЗОНАТА** во Карпош 4

Во Карпош 4, долж булеварот “Партизански одреди” се заврши изведбата на современата фитнес-зона за спорт и рекреација, проект на Општина Карпош и Агенцијата за млади и спорт. Поставени се нови осум справи за вежбање, од кои, една справа е наменета за лицата со посебни потреби.
Целта на овие фитнес-зони е да се зголеми интересот за спорт, како и да се развијат здравите навики кај граѓаните.





# Училишни лиги 2017 | 2018
# **Спортските шампиони** на Карпош

ООУ
**“БРАТСТВО”**
**ШАМПИОНИ**
во фудбал






Фудбалерите од ООУ „Братство“ ги победија основците од ООУ „Вера Циривири-Трена“ со 2:0 и станаа шампиони во фудбал за 2017/2018 година во последниот натпревар од годинешната училишна фудбалска лига во Општина Карпош. На второто место на табелата се пласираа фудбалерите од ООУ „Војдан Чернодрински“, додека бронзениот медал го освоија основците од ООУ „Владо Тасевски“. За најталентиран играч во оваа сезона е прогласен Јетмир Исени од ООУ „Братство“, додека најдобар стрелец е Георг Стојановски од ООУ „Војдан Чернодрински“. За најдобар голман е избран Нихат Ибраими од ООУ „Братство“, а најдобар играч е Нефаил Садики од истото училиште.



# Основките од **“ПЕТАР ПОП АРСОВ”** на одбојкарскиот трон



Со резултат од 2:0 во сетови ( 25:22; 25:15), во финалниот натпревар одигран во малата сала на Спортскиот центар „Борис Трајковски“, одбојкарките од ООУ „Петар Поп Арсов“ ги победија основките од ООУ „Владо Тасевски“ во големото финале, и со тоа станаа овогодинешни одбојкарски шампионки во општинските училишни лиги.

Претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, им го подели победничкиот пехар на шампионките, како и медалите и дипломите на останатите најдобро пласирани екипи. Најкорисен играч во оваа натпреварувачка сезона е Николина Наумова од ООУ „Петар Поп Арсов“, а најталентирана одбојкарка е Ивона Бошковска од ООУ „Владо Тасевски“. Најдобар играч за оваа година е одбојкарката Ива Чадиковска од ООУ „Владо Тасевски“. Бронзениот медал го освоија одбојкарките од ООУ „Димо Хаџи Димов“.







# **„ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“** НОВИ **ШАМПИОНИ** ВО КОШАРКА



Во возбудливо и до крај неизвесно финале кошаркарите на ООУ „Јан Амос Коменски“ ги победија основците од ООУ „ Димо Хаџи Димов“, со резултат од 41:35.

За најдобар играч на натпреварот беше прогласен Јосиф Јаковлевски од ООУ „Димо Хаџи Димов“, додека најдобар стрелец е Саве Манојловски од ООУ „Јан Амос Коменски“. За најталентиран играч е избран Паоло Блажевски од ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“. Градоначалникот Богоев им го додели победничкиот пехар на кошаркарските шампиони, како и медалите и дипломите на победничките екипи.



# РАКОМЕТНА ТИТУЛА ЗА ООУ **„ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ - КАРПОШ“**

Ракометарите од ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“, се овогодишни шампиони во училишната ракометна лига во организација на Општина Карпош. Во еден, до крај неизвесен и возбудлив натпревар, учениците од ООУ „Христијан Тодоровски- Карпош“ ги победија своите врсници од ООУ „Петар Поп Арсов“ со резултат од 19:16. На третото место се пласираа основците од училиштето ООУ „Аврам Писевски“ од Бардовци.

Во категоријата најталентиран играч (девојчиња) е Ана Николовска од ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“, додека најдобар играч кај девојчињата е Мирјана Петковска од „ Вера Циривири –Трена“. Најдобар чувар на мрежата е Марко Доневски, од ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош”, додека најефикасен стрелец е Виктор Додевски од ООУ „Лазо Трповски“. Најталентиран ракометар кај момчињата е Јован Фичорски од Петар Поп Арсов, додека за најдобар играч во оваа ракометна карпошова лига 2017/2018 година е прогласен Андреј Крстевски од ООУ „Христијан Тодоровски- -Карпош“.










# ЗАСИДРЕТЕ СЕ
## во рибниот ресторан **СИДРО**



Во пријатен „морнарски амбиент", лоциран веднаш зад платото на „Млечен", во урбаната заедница „Владо Тасевски", се наоѓа рибниот ресторан „Сидро". Со вкусната морска храна, големиот избор на риби, специјалитети и свежи салати, овој ресторан, за многу кратко време стана препознатлив бренд меѓу рибните ресторани во Скопје. Крапот, пастрмката, бакаларот, лососот, ципурата, како и други видови на риба, се дел од пребогатото мени, кое им се нуди на љубителите на вкусно приготвена риба. Комбинирано со свежите салати, од кои најпрепознатлива е „ морнарската", ручекот или вечерата во овој ресторан е вистинско гурманско задоволство. „Сидро", исто така, е ресторан во кој можете да се насладите и на порција вкусни лигњи, школки и шкампи. За врвно задоволство, сортните наливни вина, целосно ја заокружуваат гастрономската понуда во „Сидро".

Препознатливиот амбиент, на овој рибен ресторан, овозможи сопствениците на ова рибно катче, својот бизнис да го прошират, па така, освен ресторанот во урбаната заедница "Владо Тасевски", "Сидро" веќе постои и на улицата „Никола Русински" во Карпош 3. Во многу поголем објект, ентериерно уреден исто како првиот ресторан, **„Сидро 2"**, повеќе од една година ги „ радува" жителите на Карпош 2, Карпош3, Карпош 4, како и на соседните населби, кои слободно можат да се гордеат што во своето маало имаат ваков репрезентативен рибен ресторантски бренд. Пакет-понудите, кои вклучуваат две порции рижото/паста со сортно вино, или килограм пастрмка со компир салата и вино, се одлична понуда за двајца, по прифатливи цени за сечиј џеп.






Во "Сидро", исто така, може да вкусите на порција тиквички, ќофтиња од икра, специјалитет од модар патлиџан, приготвен на начин единствено препознатлив за овој ресторан.

Гостопримливоста на персоналот, „културната музика", префинетиот ентериер, како и разновидната понуда на рибна храна, создаваат една амбиентална целина, која е неодминлива за секој љубител и гурман на „морската трпеза". Во пар, фамилијарно или во друштво, ресторанот „Сидро", секогаш претставува одличен избор за ручек после работа, или вечера во пријатна „морска" атмосфера.

# КАША БАР

## “лабаво” и урбано катче

**„Каша бар“ е оригинален пример за добар бизнис, кога се испреплетуваат урбаното, креативното и младешката „лабавост“. Успехот е неминовен. Просторот, за кафулиња е презаситен, густо набиен? Не, барем судејќи според „Каша бар”.**

Новоотворениот локал „Каша бар“ во ТЦ „Лептокарија“ за многу кратко време ги освои симпатиите на карпошани. Во срцето на трговскиот центар, со ненаметлив, фин и културен амбиент, со специфичен ентериерен стил и убаво уредена тераса, “Каша бар” ги привлече не само граѓаните на Карпош, туку и многу посетители од другите населби и краеви на градот Скопје. „Каша бар“ е оригинален пример за добар бизнис, кога се испреплетуваат урбаното, креативното и младешката „лабавост“. Успехот е неминовен. Просторот, за кафулиња е презаситен, густо набиен? Не, барем судејќи според „Каша бар”.





Сопственичката на овој бар, Александра Гиновска , ни раскажа дека идејата за отворање на овој ресторан-кафуле, произлегла сосема спонтано, како идеја за нешто ново, автентично и опуштено место за дружење. Во овој локал, можете да пиете само кафе, доколку сте намерник за тоа, или, пак, да пиете точено пиво во комбинација со вкусно приготвените пекарски компири. Пилешкото со печурки, „Каша“ пицата, извонредното свинско, или, пак, понудите со комбиниран зеленчук се одлични варијанти за мезе.

Пријатната атмосфера, интересно декорираната тераса, минималистичките детали, збогатени со рачно изработени цртежи, создаваат една амбиентална целина, која ова мало, но одлично место, го прави посебно. Доказ за тоа е и големата посетеност на „Каша бар“, и покрај тоа што постои само шест месеци. Студенти, млади, средовечни, па и постари, сите возрасти и генерации се гости и добредојдени во овој нов угостителски бренд во Општина Карпош. Дефинитивно, „Каша бар“ е одличен избор и место за да се проследат натпреварите од Светското првенство во фудбал, кое се одржува ова лето во Русија.



**Благојче Атанасоски**

Силвана Јорданова, професор по француски
јазик во ООУ „Вера Циривири-Трена“

**Победничка
сторија на „10-ка за Карпош“**

# ПЕТАР И ЏАМБАСКО

**Децата се благослов од Господ. Децата се непресушен извор на љубов, радост, светлина за секое семејство. Децата се наша иднина. Што им посакуваме на сите деца? Безгрижно детство?! Радост?! Среќа?! Здравје?! Сè!**

Цела ноќ врне ситно како од сито. Здодевен дожд. Чиниш ќе врне засекогаш. Вирчиња мали се собираат и се редат едно до друго како војници на стража, клокотат небаре лава извира под нив. Се разбуди. Креветот до него беше сè уште празен. Над креветот на ѕидот беше нацртана Црвенкапа со нејзината преубава црвена капа, црвен фустан, црвени чевлички, корпа в рака, а до неа страшниот волк и шумата. Некогаш се плашеше од страшниот волк, но откако Џамбаско е со него, повеќе не го забележуваше.



Погледна кон прозорецот. Виде бело облаче со крупни бели очи. Му се смееше. Усните му се движеа и нечујно говореа – тука сум – над капките дожд кои се цедат од горе и прават бразди на прозорското стакло. Ги затвори очите и по кусо време пак ги отвори. Белото облаче почна да се движи нагоре, уште нагоре и во еден момент се вивна високо. Така занесен по облакот, сонот повторно го совлада и заспа. Сонуваше како се качил на белото облаче. Со него беше и Џамбаско, неговиот другар. Се движеа брзо, вешто и смело низ многубројните облаци на небото. Пискаа, се смееја, а нивниот џагор се слушаше низ небото. Колку ни е убаво со Џамбаско, си помисли Петар.

Кога ги отвори очите утрината, Петар се зачуди, мислеше дека е реалност, но целата авантура низ небото беше само сон. Дождот престана да врне. Погледна накај другиот кревет. Беше среден. „Дада ми Кате пак не е дојдена дома“, си рече во себе. „Џамбаско зошто не ми кажа дека дада ми не е вратена дома?“ праша повеќе во себе. „Ајде Петар, оди измиј се, облечи се,“ одговори Џамбаско. „На дада ти не и е првпат да ја нема, а ти мора да одиш на училиште. Побрзај, мајка ти те чека“, додаде Џамбаско. Се подготви и сите заедно тргнаа.

На пат кон училиште со мајка му Ели ја видоа Ана со долгата плетенка и огромната панделка како оди со баба ѝ фатена за рака. Џамбаско одеше со него в чекор и му дофрли: „Гледај сега“, и ја тргна огромната панделка на Ана. Таа падна на земја. Баба ѝ и викаше: „Ех мори Ано, ама си несмасна, ете уште пред училиште ти падна панделката“ и ѝ се обрати на мајка му: „Ели, ај те молам, намести и ја панделката на Ана“. Петар и Џамбаско се смееја, а Ели истрча да ѝ ја намести повторно панделката на косата на Ана.

Влегоа во училиште. Се поздрави со мајка му, а Џамбаско му шепна: „Многу голем лигуш си Петар, тешко се разделуваш од мајка ти“. „Не е вистина Џамбаско, не си во право“, се бранеше Петар.

Во училница имаше повеќе деца, кои разговараа неповрзано. Наеднаш се отвори вратата. Влезе фалбаџијата Матеј. Зацрвенет во образите, уште од врата го извади цртежот што му го нацртала и обоила мајка му и почна со фалење: „Видете каков цртеж сум нацртал дома, најубав“. Присутните деца го прашаа: „Ти сам го нацрта?“, а тој веднаш излажа: „Малку ми помогна мама“. Тијана пиеше чај од шишенцето вода и гледајќи го цртежот, Џамбаско помина, ја удри по раката и таа го преврте шишето, кое падна врз цртежот на Матеј. Боите на цртежот се разредија и сликата се уништи. Тој почна да плаче. „Виде што се случува кога лажеш, престани веќе еднаш да лажеш“, му одговорија децата.



По математика работеа наставно ливче за собирање и за одземање броеви. Ако Петар погрешеше, веднаш Џамбаско го удираше по главата и му шепотеше: „Точно сметај Петар, исто како кога играме табланет“ и му помагаше. Наставничката го опомена Петар: „Престани да разговараш Петар, ќе те запишам“. „Не разговарам, наставничке“. „Џамбаско престани“, му шепна Петар, а тој се смееше. Наставничката ја отвори тетратката да го запише Петар. Кога ги зеде очилата, Џамбаско летна и ги тргна од нејзината рака. Тие се превртија од катедрата и паднаа на земја. Учениците се насмеаја, додека тој изигруваше победник.

На час по физичко играа фудбал. Петар беше голман. Кога Горан и Дамјан со топката се приближија до голот, Џамбаско го сопна Дамјан. Тој падна и топката одлета некаде назад, а Дамјан легнат на земја се чудеше како се сопнал и паднал.

Завршија часовите. Се вратија дома. Петар јадеше сендвич и пиеше јогурт. Подоцна играше „Не лути се човече“ со Џамбаско, а пак мајка му говореше: „Петар ти се чудам како играш сам „Не лути се човече““. Петар си помисли во себе: „И да се обидам да ѝ објаснам дека играм со Џамбаско, таа нема да ми верува дека постои. Освен тоа само јас можам да го видам, никој друг. Тој е мој другар и си игра со мене, ме советува, штити, се радува, тагува, плаче, се смее“.

Поминаа два-три дена. Петар забележа дека на мајка му ѝ беа потечени очите од плачење и сфати дека Кате сè уште не беше вратена дома. Петар ѝ рече на мајка му: „Мамо не само ти, туку и јас ѝ сум лут на Кате. Не оди на училиште, ние не ја интересираме воопшто и повеќе нема да плачам ако не ја примиш дома. Тогаш, мајка му рече липтајќи: „Таа беше најдобра од сите деца, исполнителна, вредна, ентузијаст, дружељубива. Нашето семејство се растури, а со него и Кате. Откако започна да оди по белиот пат на смртта, секаде ја однесов и сè направив, но не можам никако да делувам да се закрепне. Се обидуваат сите да ѝ помогнат, но не слуша никого. Се плашам од најлошото“.

Напладне, пријателка ѝ Вера дојде да ја види мајка му Ели. Цело време разговараа за Кате обидувајќи се да најдат некакво решение. Ели плачеше. Вера ја тешеше и во еден миг и предложи да му се јави на Миле, поранешниот сопруг, и да му објасни дека ситуацијата станува сериозна. Вера знаеше дека Миле е финансиски зависен од сопругата и дека таа не сака тој да контактира со децата. „Не сака да му ѕвониме и не ни крева слушалка. Тој и порано се криеше од нас. Ниту, финансиски помагаше, ниту ги гледаше децата. Ќе се јавеше и ќе кажеше подготви ги децата, ќе дојдам да ги земам, и не доаѓаше“.

Петар отиде во соба и почна да плаче. Џамбаско му шепна: „Немој да плачеш и не се откажувај никогаш. Имам идеја. Ако не сака по телефон да контактира, обиди се да му пишеш писмо“. „А ако не сака да го чита?“ го праша плачејќи Петар, „Ајде прво напиши, испрати го, па ќе видиме“, му одговори Џамбаско. Петар се двоумеше извесно време, но подоцна реши да напише писмо. Ги избриша солзите, зеде едно парче хартија и пенкало. Џамбаско стоеше врз него, а Петар почна да пишува:

*Тато,*

*Чудно ми е што ти пишувам бидејќи одамна престанавме да си бидеме семејство. Само ти, татко мој, можеш да ми ја сфатиш маката и тагата. Јас сакам како другите деца да почувствувам дека имам татко, кој ми пружа љубов, поддршка, поттик и сила. Да се потпирам, да се гордеам со тебе. И моето срце и мојата душа страдаат и тежнеат кон желбата да те видам, да се прегрнеме и да се бакнеме. Да ме гушнеш силно во твоите прегратки и да почувствувам заштитник, да не бидам вејка на ветрот, без идентитет. Кога и да си кажал дека ќе дојдеш да нè земеш да прошетаме, ние сме те чекале, иако честопати и не си доаѓал. На претставата по повод завршувањето на училишната година ја играв главната улога. Сите татковци дојдоа само ти не дојде, а те чекав и цело време гледав во публика за да те видам. Се надевам и ќе чекам оваа година да дојдеш. Ти пишувам во мигови на очај и на разочарување. Очекувам да разбереш во каква неволја сме и барам малку надеж и утеха. Кате, бега од дома и по неколку дена пак се враќа. Никогаш не знаеме ни со кого е, каде е, што прави и дали ќе се врати дома. Секогаш кога ќе ја прашаат зошто го прави тоа, одговара дека ако тато живее со неа нема да бега од дома. Ете, пак не е дома и во нејзино отсуство решив да ти пишам. Те молам, дојди барем да нè посетиш, потребен си ѝ на Кате. Премногу! И мене ми недостасуваш. Дај ми малку кураж, утеха. Мама не знае за писмово бидејќи ќе ме кара. Имам другар, не си го видел, се вика Џамбаско. Негова идеја беше да ти го напишам писмово.*

*П.С. Тато, те поздравувам. Џамбаско, исто така, те поздравува.*

Јуни. Топло саботно претпладне. Претстава на крајот од училишната година. Петар и оваа година ја има главната улога во претставата. Меѓу многубројната публика е и неговата мајка. Завршува претставата. Учениците добиваат громогласен аплауз од присутната публика. По претставата Петар и мајка му одат во парк да се прошетаат. Јадат сладолед. Џамбаско е со нив.



**Силвана Јорданова**



facebook










twitter










instagram










# Ве повикавме на фото провокација!

Еве дел од вашите одговори.








Клиничка болница
"Аџибадем Систина"

# ГЛАВОБОЛКА

доц. д-р Татјана Чепреганова-Чанговска
**невролог**

Под главоболка се подразбира болка во главата, трајна или повремена, ретка или зачестена, дифузна која ја зафаќа целата глава или локализирана на едно место. Таа претставува една од најчестите симптоми со кои се среќаваме во секојдневниот живот, но мошне често и пропридружен симптом на многу болести. Општо се вели дека болката е една од природните и најраните знаци на болеста, и по неа луѓето ја расудуваат присутноста на болеста. Поради болката како прв симптом, без оглед на природата, местото и причината на болката, на лекар се јавуваат околу половина од сите болни, па решавањето на симптомот на болката за лекарот е особено важен проблем.

Долготрајната болка, кај таканаречените хронични болни синдроми т.н. секундарни главоболки, не е само проблем во смисла на лекување, туку претставува и економски проблем, а всушност главоболката е една од најчестите болни манифестации. Иако главоболката е чест симптом се чини дека кај секој човек се јавува барем еднаш во текот на животот, за среќа не претставува знак за некоја опасна болест, туку во 90% од случаите е симптом на благо пореметување кое релативно лесно може да се отстрани.

Повремените главоболки или примарните главоболки се најчести во период помеѓу 25 и 65 години од животот, почести се кај жените, во урбаната популација и популацијата на развиениот свет, но и кај лицата чија професија побарува престој во затворени простории со седење, психички напор и зголемена концентрација.

Факторите кои доведуваат до појава на болка, односно до надразнување на нервните структури кои се чувствителни на болка може да бидат механички (притисок, истегнување), физички (промени на температурата, електрична струја) или, што е најчесто, хемиски (надворешни или внатрешни).

Главоболката често се јавува при промена на времето. Многу од луѓето се вбројуваат во таканаречениот збир на метеоропати, односно лица кои се особено чувствителни на промените на времето, т.е. промените на временските фактори и притисокот на воздухот, каде главоболката се појавува пред да започне промената на времето, кај надоаѓачките циклони или антициклони, посебно често кај нискиот притисок на воздухот, а ова покрај главоболка може да предизвика и промени на расположението, раздразливост и депресија. Често главоболката може да се појави поради специфичната исхрана или определените навики кај лицата кои нередовно се исхрануваат, долго време се без храна или ги прескокнуваат оброците, посебно ако се на разните диети за слабеење, а понекогаш и во врска со земањето на поедини намирници кои го погодуваат настанокот на главоболката или со земање на одредени таблети. Тоа е посебно чест случај кај мигрената, каде често се опишува поврзаноста на нападите на мигрената со одредена храна односно пијалак.

# Урбани заедници

**Карпош 1**
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нушиќ бр.4

**Карпош 3**
072 | 26.80.54 и 078 | 48.69.19
m: karpos3@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул. Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул. Букурешка бр.2

**Тафталиџе 2**
078 | 48.69.28 и 078 | 48.69.21
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
A: ул. Копенхагенска бр.5

**Влае 1**
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр.1

**Пецо Божиновски-Кочо**
078 | 48.69.25 и 078 | 48.69.59
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр.7

**Нерези**
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул. Ванчо Мицков бр.19

**Владо Тасевски**
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Дрезденска бр.52

**Кузман Јосифовски-Питу**
078 | 91.80.30
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр.7

**Злокуќани**
078 | 48.69.23
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи б.б.

**Бардовци**
078 | 48.69.31
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с. Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
раководител: Миле Стевков
078 | 48.69.22
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

---

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 3055 901<br>02 \| 3055 902 |
| **Сектор за правни работи:** | 02 \| 3055 900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 3055 939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 3055 920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 3068 151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 3055 931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 3055 923 |
| **Архива:** | 02 \| 3055 954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 3055 900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 214 354 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

**Поважни телефони**

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

**ПТТ услуги**

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

**Сообраќај**

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

**Дежурни аптеки**

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

**Здравствени објекти**

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника “Мајчин дом” | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

**Дежурни поликлиники**

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |



**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos